**ЗАПИСНИК**
**Од 36-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 09.02.2024 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, февруари 2024 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-523/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 36-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 09.02.2024 година, со почеток во 10:00 часот**

Триесет и шестата седница на Општина Бутел се одржа на 09.02.2024 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Теодора Спасенцовска, Александар Ѓорѓевски, Стојан Петкуќевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Чедо Николовски, Оливера Ливриниќ, Мартин Бошковиќ, Аљајдин Сали, Љејља Исени, Сеад Арслани, Самир Исени, Дарко Димовски.
Отсутни: Нема

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски, Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев, раководителот на секторот за финансиски прашања г.Андреј Димов и раководителката на одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа.Каролина Насковска.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Д-р Игор Николов го стави на гласање Записникот од 35-та седница и констатира дека Советот со 19 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ истиот го усвои.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Одлука за давање на согласност на Статутот на ООУ „Визбегово“, с. Визбегово.

2. Предлог-Одлука за утврдување на реоните на основните училишта во Општина Бутел за запишување на ученици.

3. Предлог-Одлука за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Бутел на сметка на ЈОУДГ „11 Октомври“.

4. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година.

5.Предлог-Одлука за за усвојување на периодични извештаи за четвртиот квартал од 2023 година.

6. Предлог-Одлука за доделување на финансиска помош поради опожарена куќа.

7. Предлог-Одлука за доделување на еднократна финансиска помош.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Николовска и побара дневниот ред да се дополни со две точка, - Предлог-Одлука за ослободување од плаќање партиципација за градинка за секое трето дете од семејството и вториот предлог и беше Предлог-Одлука за доделување на еднократна парична помош.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави на гласање Предлог-дневниот со дополнителните точки. Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот дневен ред.

**По првата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за давање на согласност на Статутот на ООУ „Визбегово“, с. Визбегово,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности, г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за давање на согласност на Статутот на ООУ „Визбегово“, с. Визбегово

Збор и беше даден на раководителката на секторот за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителката на секторот за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за давање на согласност на Статутот на ООУ „Визбегово“, с. Визбегово.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ и изјави дека таа не е правник но според неа статутот за ООУ „Визбегово“ е многу оскуден од формално правен аспект, и дека содржи само основни податоци. Нагласи дека во статутот треба да бидат наведени и условите за избор на директор, односно кои услови треба да ги исполнува и да се наведат и други елементи освен тие што се наведени. Советничката побара објаснување во врска со содржината на статутот за ООУ „Визбегово“.

Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев и одговори на советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ дека статутот за ООУ „Визбегово“ е направен според модел кој е доставен од страна на министерството за образование и дека содржи се што е потребно.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои првата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По втората точка од дневниот ред Предлог-Одлука за утврдување на реоните на основните училишта во Општина Бутел за запишување на ученици,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности, г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за утврдување на реоните на основните училишта во Општина Бутел за запишување на ученици.

Збор и беше даден на раководителката на секторот ја јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителката на секторот за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за утврдување на реоните на основните училишта во Општина Бутел за запишување на ученици.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по втората точка.

За збор се пријави советникот г. Чедо Николовски и изјави дека реонизацијата која е направена во 2019 година и во 2020, 2021, 2022 и 2023 година носи проблеми за децата кои живеат на Љуботенски пат. Советникот истакна дека лично тој неколку пати барал да се изврши корекција на реониизацијата, конкретно за училиштето Св. Климент Охридски, бидејќи дел од децата кои живеат на Љуботески пат припаѓаат во ООУ „Ацо Шопов" а останатиот дел во ООУ „Св.Климент Охридски". Истакна дека од Љуботенски пат до ООУ „Ацо Шопов" има 3400 километри а до ООУ „Св. Климент Охридски" има 2000 километри и дека генерации наназад од населеното место Љуботенски пат учеле во ООУ „ Св. Климент Охридски". Советникот апелираше за улица 30 од населеното место Љуботенски пат, да се одреди од кој до кој број на улицата децата ќе припаѓаат во ООУ „Ацо Шопов" и од кој број на улицата ќе припаѓаат во ООУ „Св. Климент Охридски".

За збор се пријави советничката г-ѓа Љејља Исени и изјави дека истиот проблем се случува и со учениците албанци од Општина Чаир. Советничката истакна дека на дел од учениците албанци територијално поблиску и се ООУ „Панајот Гиновски" и ООУ „Петар Здравковки-Пенко" кои припаѓаат под Општина Бутел, а до училиштата во Општина Чаир треба да патуваат двојно повеќе. Апелираше да се направи договор помеѓу Општина Бутел и Општина Чаир во интерес на децата, односно доколку не се пополни број на ученици во овие две училишта, да се даде можност да се запишат и ученици од Општина Чаир кои територијално се поблиску до ООУ„ Панајот Гиновски" и ООУ„Петар Здравковки-Пенко".

За збор се пријави советникот г. Самир Исени и изјави дека се согласува со излагањето на неговата колешка г-ѓа Љејља Исени во врска со децата од Општина Чаир.

Советникот посочи дека со отварањето на новото основно училиште во с.Визбегово ќе се ослободат голем број на слободни места, затоа што поголемиот дел во ООУ„ Петар Здравковки-Пенко“ се ученици кои доаѓаат од с.Визбегово и замоли да се има разбирање за овие деца, доколку има простор да и се дозволи да се запишат во овие две училишта поради територијалната близина. Како втор проблем со реонизацијата го посочи ООУ „Живко Брајковски“, изјави дека има деца кои живеат во Бутел по реонизација припаѓаат во ООУ„ Петар Здравковки-Пенко“ до кое имаат два километри а до ООУ„Живко Брајковски “ имаат еден километар. Советникот замоли да им се даде можност на овие ученици да учат во ООУ „Живко Брајковски“ со цел да не патуваат двојно повеќе.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка и Советот на Општина Бутел ја усвои втората точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По третата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Бутел на сметка на ЈОУДГ „11 Октомври**“, збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Бутел на сметка на ЈОУДГ „11 Октомври“, и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Бутел на сметка на ЈОУДГ „11 Октомври“.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по третата точка.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и постави прашање, за колкава бројка на негувателки или воспитувачки се работи и за колку месеци ќе бидат ангажирани.

На прашањето на советникот г. Дарко Димовски одговори раководителот на секторот за финансиски прашања г.Андреј Димов. Истакна дека се работи за четири негувателки за период во времетраење од 5 месеци.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање третата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои третата точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По четвртата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа и прифати, Предлог-Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог-Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по четвртата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање четвртата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои четвртата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По петата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за усвојување на периодични извештаи за четвртиот квартал од 2023 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за усвојување на периодични извештаи за четвртиот квартал од 2023 година, и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог-Одлуката за усвојување на периодични извештаи за четвртиот квартал од 2023 година

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по петата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање петата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои петата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По шестата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување на финансиска помош поради опожарена куќа,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за доделување на финансиска помош поради опожарена куќа, и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст

Збор му беше даден на Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев да даде детално образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на финансиска помош поради опожарена куќа.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по шестата точка.

За збор се пријави советникот г. Аљајдин Сали и се изјасни дека не е против да му се помогне на лицето чија куќа е трагично изгорена, но упати апел во иднина да се внимава со доделување на финансиски средства, односно да се внимава како се трошат парите на граѓаните бидејќи тие се народни пари.

За збор се пријави раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и изјави дека тој секогаш коментира кога се работи за доделувања на финансиски средства, но во овој случај се изјасни дека во целост ја подржува Одлуката за финансиска подршка за лицето чија куќа беше изгорена до темел, и дека според него и тоа е малку што му се доделува со оглед на ситуацијата. г. Андреј истакна дека е точно дека тоа се народни пари и на некој начин народот ќе му помогне да ја возобнови куќата.

За збор се пријави советникот г. Аљајдин Сали изјави дека неговиот коментар не се однесува за случајот со опожарената куќа и дека според него средствата кои се доделуваат се недоволни. Советникот се изјасни дека тој лично и приватно ќе помогне. Исто така упати апел да се внимава на другите донаци како слики, спорт и слични работи, односно да не се трошат парите на граѓаните на непотребни работи.

За збор се пријави советникот г. Самир Исени и изјави дека настанало недоразбирање и дека неговиот колега г. Аљадин Сали не е против доделувања на финансиски средства за опожарената куќа, само посочил да се внимава на доделување средства за други работи. Советникот истакна дека според него никој не би бил против за да се помогне на некој што му изгорела куќата.

За збор се пријави Претседателот на Советот д-р Игор Николов и упати апел да се подигне свеста кај граѓаните да се осигуруваат и лично и обијектите, бидејќи општината нема да биде во можност секогаш да помага.

За збор се пријави советничката г-ѓа Љеља Исени изјави дека сепак се работи за трагедија без разлика на кого му се случила, и дека дошло до недоразбирање со изјавата

на колегата г. Аљадин Сали, истакна дека не мислел за конкретниот случај за финансиската помош за опожарената куќа. Советничката упати апел да има и други иницијативи за да се помогне на граѓанинот чија куќа била опожарена, да се соберат повеќе средства, бидејќи средствата што ќе ги добие од општината нема да му бидат доволни.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање шестата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои шестата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По седмата точка од дневниот ред**. **Предлог-Одлука за доделување на еднократна финансиска помош,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за доделување на еднократна финансиска помош, и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев даде детално образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на еднократна финансиска помош.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по седмата точка.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ и изјави дека би сакала да се надоврзе на предходната дискусија. Истакна дека го поддржува нејзиниот колега г. Аљадин Сали и мисли дека сите советници го разбрале, односно дека коментарот се однесувал на поединечни барања за финансиски средства. Советничката нагласи дека неколку пати апелирала да има јавни повици на кои ќе можат граѓаните да се пријавуваат за финансиска помош, освен со исклучок кога има случувања што неможат да се предвидат како здравствени проблеми, случајот со опожарената куќа, непланирани натпревари и слично. Конкретно за оваа точка советничката инсистираше да се исплати целата сума на фактурата, нагласи дека сепак се работи за самохран родител и ако не успее да ги обезбеди останатиот дел од средствата, сумата на финансиските средства што ќе и биде доделена од Општина Бутел нема да и бидат од помош.

За збор се пријави Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев и и се обрати на советничката Оливера Ливриниќ и истакна дека во усна консултација со барателот на финансиската помош е потврдено дека се задовони од сумата која и е предложена како помош од страна на Општина Бутел.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ и изјави дека тоа прашање сакала да го постави. Советничката истакна дека ако се постигне целта тогаш се согласува и со оваа сума на донација која е предложена.

За збор се пријави советникот г. Чедо Николовски и изјави дека го разбира колегата г. Аљадин Сали и колешката г-ѓа Оливера Ливриниќ што сакале да кажат, јасно е дека колегата не мислел на случајот со опожарената куќа. Советникот истакна де е точно дека финансиските средства кои се доделуват како помош се средства на граѓаните, но сепак се доделуваат како помош на граѓани кои се жители на Општина Бутел. Исто така нагласи дека ниту една општина не помага во спортот, културата, издавање на книги, снимање на филмови, за здравје како што Општина Бутел помага во тие области, сепак општината доделува финансиски средства во рамките на своите можности.

За збор се пријави советникот г. Аљадин Сали и му се обрати на советникот г. Чедо Николовски. Истакна дека тој немало да биде против доделување на финансиски средства доколку општина е моќна и има можност. Советникот нагласи дека има многу по битни работи во кои треба да се вложува, како пример ја наведе лошата состојба на улиците во населеното место с.Визбегово и проблемот со уличното осветлување во с.Љуботен кој преставува голем проблем за жителите на овие населени места.

За збор се пријави советникот г. Самир Исени и изјави дека самиот факт дека немаме добри патишта и јавно осветнување во населените места во Општина Бутел ни посочува на тоа дека не сме финансиски стабилна општина и треба да се даде приоритет на овие работи, а на останатите работи како спорт, култура, натпревари да се доделуваат финансиски средства доколку општината има можност за тоа. Советникот даде предлог сите советници да донираат по 2500 денари за детето што треба да замине на интервенција во Германија, со цел да се покрие трошокот и да не се повлекуваат средства од буџетот на Општина Бутел.

За збор се пријави Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев и и посочи на советниците дека средствата кои се доделуваат како помош се предвидени уште пред да биде изготвен буџетот, односно во буџетот има ставка тековни резерви која служи за помагање во вакви ситуации во рамките на можностите на буџетот на општината.

За збор се пријави советникот г. Стојан Петкуќевски и се изјасни дека се согласува со г. Вене Тасев но и со советникот г. Чедо Николовски. Советникот истакна дека општината мора да води грижа за сите гранки паралелно. Нагласи дека некои од барањата кои пристигнуваат до општината не можат однапред да се планираат, како пример ги посочи барањата кои пристигнуваат за финансиска помош поради здравствени проблеми.

За збор се пријави советничката г-ѓа Љејља Исени и изјави дека треба да се земат во предвид сите барања кои пристигат во општината од страна на граѓаните. Советничката нагласи дека кога станува збор за пристигнати барања поврзани со асфалтирање на улици и јавно осветлување одговорот секогаш бил дека нема доволно средства, апелираше да се земат во предвид и овој вид на барања од страна на граѓанте.

За збор се пријави Претседателот на Советот д-р Игор Николов и се изјасни дека коментарите од страна на советникот г. Аљадин Сали и советникот г. Чедо Николовски се добронамерни и дека идејата на дискусијата била средствата на граѓаните да се трошат

домаќински. Претседателот нагласи дека советниците се избрани од страна на граѓаните и средствата на граѓаните треба да се користат за подобрување на секојдневниот живот на жителите на Општина Бутел.

За збор се пријави советникот г. Стојан Петкуќевски и се изјасни дека се сложува со излагањето на Претседателот на Советот д-р Игор Николов. Советникот исто така нагласи и дека средствата кои се доделуваат како помош се образложени кога се носи буџетот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање седмата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои седмата точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По осмата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за ослободување од плаќање партиципација за градинка за секое трето дете од семејството, ,** збор и беше даден на советничката г-ѓа Оливера Николовска да даде детално образложение, како предлагач на дополнителната точката.

Советничката г-ѓа Оливера Николовска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за ослободување од плаќање партиципација за градинка за секое трето дете од семејството.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по осмата дополнителна точка.

За збор се пријави советничката г-ѓа Сељвете Муртези со предлог до Советот. Родителите кои имаат дете со посеби потреби или било какви проблеми со развојот да бидат ослободени од плаќање на партиципација, нагласи дека родителите кои имаат дете со потешкотии во развојот имаат многу трошоци, посетуваат логопед или дефектолог и нивните трошоци се многу големи. Советничката исто така нагласи дека некои од родителите не сакаат да имаат документ за состојбата на нивните деца и да се даде можност и децата кои немаат потврда за нивната состојба да бидат ослободени од плаќање на партиципација.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ и постави прашање. Дали општината има направено пресметка и анализа за колкав број на деца станува збор и со која сума на средства би се оптеретил буџетот.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Николовска и одговори на прашањето на колешката г-ѓа Оливера Ливриниќ дека се работи за десетина деца и тоа би било околу 15 000 илјади денари оптеретување на буџетот, на ниво на цела Општина Бутел.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ и изјави дека е жално што има само толку мал број на многудетни семејства во Општина Бутел и се надева дека во иднина ќе се зголеми бројот на повеќе члени семејства. Советничката се надоврза на излагањето на нејзината колешка г-ѓа Сељвете Муртези и истакна дека е точно дека не

секој родител сака да има документ за состојбата на своето дете, но сепак тоа остава дупка во системот и се отвара и прашањето дали директорот на градинката би ги ослободил тие деца  од плаќање на партиципација ако немаат потврда за нивната состојба.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и постави прашање дали точката е иницијатива или Предлог-Одлука и колку би бил финансиски оптеретен буџетот.

На прашањето  на советникот г. Дарко Димовски одговори советничката г-ѓа Оливера Николовска дека се работи за Предлог-Одлука и буџетот би бил оптеретен со околу 15 000 денари.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање осмата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои осмата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема  „ВОЗДРЖАНИ".

**По деветата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување на еднократна парична помош,** збор и беше даден на советничката г-ѓа Оливера Николовска да даде детално образложение, како предлагач на дополнителната точката.

Советничката г-ѓа Оливера Николовска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на еднократна парична помош

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по деветата дополнителна точка.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање деветата дополнителна точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои деветата дополнителна точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема  „ВОЗДРЖАНИ".

На крајот од седницата за збор се пријави советникот г. Самир Исени и извести дека има поднесено барање за информации од јавен карактер и по пет месеци се уште не добил одговор.

Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев му посочи на советникот да се обрати во службите кои се задолжени за овој тип на информации.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот д-р Игор Николов констатираше дека триесет и шестата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов